**20230320566**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ СУБВЕНЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2023 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат активности за поддршка на плански региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интензивна земјоделска дејност.

(2) Средствата за реализација на оваа програма се утврдени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), раздел 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 3 - Земјоделство и рурален развој, потпрограма 30 Земјоделство, ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 13.000.000,00 денари.

II

(1) Средствата од дел I од оваа програма во износ од 13.000.000,00 денари ќе се користат за реализација на активности за поддршка на плански региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интензивна земјоделска дејност.

(2) Дел од средствата од оваа програма во износ од 8.735.000,00 денари се наменети за исплата на заостанати обврски по склучени договори со центри за развој на планските региони според Јавниот повик од 2022 година согласно Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/22).

III

Корисници на средствата од дел II од оваа програма се центрите за развој на планските региони на територијата на Република Северна Македонија, регистрирани согласно Законот за рамномерен регионален развој (*).

IV

(1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на интернет страницата www.mzsv.gov.mk ќе објави јавен повик за доставување на предлог-проекти во областа на земјоделството и руралниот развој кои ќе ја подобрат руралната инфраструктура, по кој ќе можат да се поднесуваат барања за финансирање, најдоцна до 28 февруари 2023 година.

(2) Максималниот износ на поддршката по корисник е 4.265.000,00 денари од вредноста на прифатливите трошоци на проектот.

(3) Прифатливи трошоци се трошоците за изведба и надзор за проекти кои ќе имаат за цел подобрување на патната инфраструктура во подрачјата со земјоделска дејност и обработливи површини.

(4) Предлог-проектите се прифаќаат додека не се исцрпат целосно средствата од оваа програма.

(5) Еден корисник може да поднесе само едно барање за користење на средства од оваа програма.

(6) За учество по јавниот повик барателот треба да поднесе до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:

- Барање за финансирање на проекти кои се опфатени со оваа програма;
- Предлог-проект со детална анализа, при што доколку има повеќе предлог-проекти тие треба да се означат со редослед за приоритет на финансирање;
- Финансиски план и рок на имплементација на проектот и
- Тековна состојба на барателот од Централен регистар на Република Северна Македонија.

(7) Барањето за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој може да се обезбеди преку интернет страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство: www.mzsv.gov.mk.

(8) Целокупната документација од ставот (6) на овој дел се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на барателот.

(9) Формата и содржината на Барањето за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој се дадени во Прилог кој е составен дел на оваа програма.

V

(1) За спроведување на Јавниот повик за доставување на предлог-проекти од областа на земјоделството и руралниот развој, од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се формира Комисија, која ќе биде составена од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Изборот на корисници ќе се реализира врз основа на следните критериуми за бодирање на доставените проекти и тоа:

- учество на планскиот регион во креирањето на вкупната бруто-додадена вредност во земјоделството на Република Северна Македонија согласно последните статистички податоците на Регионалните сметки во земјоделството на Државниот завод за статистика ќе се бодира на следниот начин:

| Процент (%) на учество | Бод |
|---|---|
| На секој 1% | 1 |

- реализацијата на проектот да врзува што поголема земјоделска површина изразена во хектари (ha) ќе се бодира на следниот начин:

| Површина во хектари | Бод | Максимум бодови |
|---|---|---|
| На секои 20 хектари | 1 | 30 |

- процент на учество во државната помош за рамномерен регионален развој на планскиот регион согласно податоците од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.234/18) ќе се бодира на следниот начин:

| Плански регион | Учество во државната помош за рамномерен регионален развој (во %) | Бод |
|---|---|---|
| Скопски | 7,2% | 6 |
| Југоисточен | 11,1% | 8 |
| Источен | 11,3% | 10 |
| Пелагониски | 11,9% | 12 |
| Полошки | 13,2% | 14 |
| Југозападен | 13,3% | 16 |
| Вардарски | 14,7% | 18 |
| Североисточен | 17,3% | 20 |

(3) Комисијата од ставот (1) на овој дел по пристигнувањето на сите барања доставени за времетраење на Јавниот повик, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања и ќе изготви листа на баратели кои имаат уредна и комплетна документација. По извршената евалуација на пристигнатите предлог-проекти Комисијата ќе изготви записник за евалуација, рангирање и избор, како и извештај за избор на одобрени проекти, согласно критериумите од ставот (2) на овој дел.

(4) Барателите кои не доставиле уредна и комплетна документација нема да бидат утврдени во листата на баратели.

(5) По извршениот избор на баратели кои ќе бидат финансирани од оваа програма, истите ќе бидат известени по писмен пат за денот на потпишување на договор за финансирање, кој ќе се склучи помеѓу корисникот на средствата и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Избраните корисници на средствата (центрите за развој на планските региони) треба да започнат постапка за јавна набавка за избор на најповолен изведувач на работите предвидени во проектот и надзор над истиот.

(7) Корисниците на средства со изведбата истовремено треба да изберат и најповолен понудувач за надзор над работите.

(8) Одобрените проекти треба да се реализираат од корисниците во рок од шест месеци од денот на потпишувањето на договорот за финансирање.

(9) Корисниците на средствата на крајот на имплементацијата на проектот треба да поднесат комплетен финансиски и наративен извештај, најдоцна 15 дена од крајниот рок за имплементација на проектот.

(10) По поднесениот извештај од ставот (9) на овој дел, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ги исплати одобрените средства согласно договорите за финансирање.

VI

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, заклучно со 31 декември 2024 година ќе достави до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1259/6
7 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

Прилог

# БАРАЊЕ

за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ И АПЛИКАНТОТ

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ:______________________________________________

ОБЛАСТ И ПОТЕСНО ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТОТ:______________________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДЛАГАЧОТ/ АПЛИКАНТОТ

НАЗИВ НА АПЛИКАНТОТ:______________________________

**ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:**

Адреса:

Телефон / факс: ____________________ Емаил: ________________________

ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА ПРОЕКТОТ

Име и презиме Потпис

ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ – ПАРТНЕРИ ВО ПРОЕКТОТ:___________________________

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ: ______________ М П